**Врз основа на член 13 став (3) од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.142/08, 64/09, 156/09, 166/10 53/11, 185/11, 44/12, 15/13, 91/13, 170/13, 97/14, 113/14, 180/14, 188/14 и 20/15), министерот за финансии донесе**

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА МЕСЕЧНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ДОГОВОРИТЕ ЗА ДЕЛО, АВТОРСКИТЕ ДОГОВОРИ ИЛИ ДРУГИ ДОГОВОРИ СО КОИ Е УТВРДЕН НАДОМЕСТОК ЗА ИЗВРШЕНАТА РАБОТА

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на месечниот извештај за договорите за дело, авторските договори или други договори со кои е утврден надоместок за извршената работа.

## Член 2

Месечниот извештај за договорите за дело, авторските договори или други договори со кои е утврден надоместок за извршената работа се поднесува во електронска форма на образец „МИ-Д/ИН”, чија форма и содржина се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на месечниот извештај за износот на бруто надоместокот утврден во договорот за дело, авторскиот договор или друг договор, исплатениот нето надоместок и пресметаните придонеси (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 201/14).

## Член 4

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 20-1290/1
16 февруари 2015 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.